ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ**

Колегиумот е одржан на ден **11.01.2022 година** во 12:30 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Сашко Митовски**, Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски,** Раководител на правни и општи работи **Даниела Велковска,** Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина **Маја Костадиновска,** Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Раководител за испекциски надзор **Бранко Велиновски,** Раководител на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија **Антонио Давитковски,** Раководителот на Одделение за човечки ресурси **Игор Додевски**, Директор на ЛУ Градски музеј **Драган Величковски,** Директорот на ЈП Комуналец **Миле Марковски**, Советник за јавни набавки и водење седници на совет **Биљана Тасевска и** Самостоен референт **Драган Цвијовиќ.**

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

**ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ**

Градоначалникот на општина Крива Паланка, Сашко Митовски го водеше состанокот на колегиум со запознавање на тековните активности на одделенијата и планирање на активностите во нареден период при што беа донесени следните заклучоци:

**Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој**

Од страна на Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој Мартин Николовски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Тековни активности

-Да се разгледат можност за формирање на драмски фестивал во спомен на Григор Цетковски (со Драган Величковски и Антонио Давитковски)

-Учество во работна група околу комуникација со населението околу раселувањето при изградба на железничката пруга (со Кире Велески, Оливер Стојановски)

-Учество во работна група за давање под закуп на градски базен (со Даниела Велковска, Биљана Тасевска, Сања Стојановска и Иван Велиновски).

**Одделение за финансиски прашања**

- Отсутена од колегиум

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Од страна на Раководителот на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходниот период како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековниот период.

-Во текот на неделата да се види за изместување на 9 бандери во Мизовски ливади со ЕВН

-Да се разгледа можност за изнаоѓање на подизведувач во Чивлк

-Да се исконтактира со ГИМ за измени во текот на градба на ул.Вршачка и да се порача нов елаборат за експропријација за ул.Вршачка

-Присуство во МТВ на 18.01.2022 година околу аплицираните проекти (со Маја Костадиновска)

-Да се разгледа можност за спуштање на жардињерите или да се најде друго решение за жардињерите по главната улица (координација со Бранко Велиновски, Маја Костадиновска и Комуналец)

-Да се предвидат јавни набавка за набавка на урбана опрема за грдскиот плоштад како и поставување на платформи предвидени со проектот

-Да се види за поставување на рукохват на градскиот плоштад (координација со Маја Костадиновска и Антонио Давитковски)

-Да се даде преглед на незавршени предмети за проценка (Маја Костадиновска и Драган Цвијовќ)

-Да се спремат и да се даде приоритет на адаптација на касарната, регулација коритото на Дурачка Река, Вирови- Грамаѓе, канализација Трнци, водовод Длабочица –Мождивњак за аплицирање

-Да се изврши проценка од страна на независен проценител на караула Коприва, во училиштето во с.Мала Црцорија и во училштето во с.Станци.

-Тековни активности

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Од страна на Раководител на Одд. за урбанизам,сообраќај и заштита на животна средина –Маја Костадиновска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се утврдат к.п кои што се водат како патишта и за кои може да се изврши трансформација на земјиште.

-Да се разгледа можност за воспоставување превоз на меѓуопштинска релација Крива Паланка –Ранковце

-Присуство во МТВ на 18.01.2022 година околу аплицираните проекти (со Никола Гарматиков )

-Да се закаже состанок со Простор Куманово за во четврток 13.01.2022 година

-Да се направи до 17.01.2022 година план за решавање на предметите за легализација

--Да се разгледа можност за спуштање на жардињерите или да се најде друго решение за жардињерите по главната улица(Координација со Бранко Велиновски,Маја Костадиновска и Комуналец)

--Да се види за поставување на рукохват на градскиот плоштад(координација со Никола Граматиков и Антонио Давитковски)

-Да се даде преглед на незавршени предмети за проценка (Никола Граматиков и Драган Цвијовќ)

-Тековни активности

**<u>Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија</u>**

Од страна на Раководителот на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија Антонио Давитковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Состанок на работна група и дефинирање на програма за Водици

-Да се види за поставување на рукохват на градскиот плоштад (координација со Никола Граматиков и Маја Костадиновска )

-Да се разгледат можнст за формирање на драмски фестивал во спомен на Григор Цетковски (со Драган Величковски и Мартин Николовски)

-Да се организира состанок со Министерство за култура за дополнителни сретсва за кино и состанок со Агенција за млади и спорт за соблекувалните

-да се направи план на проекти за аплицирање со меѓугранична соработка

-да се свика повторно состанок со Гранит

-да се исконтактира со видеолотарија околу донациаја на детско игралиште

-Учество во работна група за ЈПП за градски пазар (со Игор Додевски, Марјан Алексовски, Никола Граматиков, Сања Стојановска)

-Да се види со црквта до четврток околу организација за Свети Теодор Тирон во с.Конопница

-Тековни активности

**<u>Одделение за човечки ресурси</u>**

Од страна на Раководителот на Одделение за човечки ресурси Игор Додевски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Да се разгледа можноста за решавање на проблем со ТППЕ и потпишување на спогодби до 19.01.2022 година (заедно со Даниела Велковска)
-Да се даде приоритет околу колективниот договор
-Учество во работна група за ЈПП за градски пазар (со Антонио Давитковски, Марјан Алексовски, Никола Граматиков, Сања Стојановска).

-Тековни активности

**Одделение за правни и општи работи**

-Од страна на Раководителот Даниела Велковска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

- Да се одржи состанок со членовите на Советот за млади по можност оваа недела и да се пушти оглас за именување на нови членови наредната недела
-Изготвување на акти за совет за меѓуопштинска соработка со Ранковце
-Задолженија за возен ред
-Да се види на кој начин може да се даде на користење караулата Коприва
-Да се разгледа начин околу организација на прием на странки со градоначалник
-Да се задолжат истите доставувачи да се достави достават која не е однесена за 4-5 дена
-Учество во работна група за давање под закуп на градски базен (со Мартин Николовски, Биљана Тасевска, Сања Стојановска и Иван Велиновски)
-Учество во работна група за ЈПП за зонско паркирање (со Билјана.Ц.Тасевска, Иван Велиновски, Александар Николовски, Ненад Цветановски)
- Да се разгледа можноста за решавање на проблем со ТППЕ и потпишување на спогодби до 19.01.2022 година (заедно со Игор Додевски ) .

-Тековни активности

**Одделение за инспекциски надзор**

-Од страна на Раководителот за инспекциски надзор Бранко Велиновски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела
-Да се распише набавка за заловување на кучиња скитници
-Од страна на испекторите да бидат зачестени контроли на терен
-Да се разгледа можност за спуштање на жардињерите или да се најде друго решение за жардињерите по главната улица (координација со Никола Граматиков, Маја Костадиновска и Комуналец) .

-Тековни активности

**ЈП Комуналец**

Од страна на Директорот на ЈП Комуналец, Миле Марковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се спроведе активност за подобрување на хигената во спортската сала да се чисти секој ден
–После празникот Водици да се дислоцираат куќичките од градскиот плоштад и да се напарви генерално чистење на плоштадот
-Да се уреди просторот кај сточниот и грдскиот пазар како неформален паркин простор како и делот пред ООУ Јоаким Крчовски
-Да се исчисти речното корито пред Водици
-Да се среди магацинот пред градските гробишта во Конопница
-Да се продолжи хортикулурното уредување
- Да се разгледа можност за спуштање на жардињерите или да се најде друго решение за жардињерите по главната улица (координација со Бранко Велиновски, Маја Костадиновска и Никола Граматиков).

-Тековни активности

**ЛУ Градски Музеј**

Од страна на Директорот на ЛУ Градски музеј, Драган Величковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се разгледат можнст за формирање на драмски фестивал во спомен на Григор Цетковски (со Мартин Николовски и Антонио Давитковски)

-Да се види за дополнителни сретства за инсталација за парно греење

-Да се види околу организација за Свети Теодор Тирон во с.Конопница после Водици

-Тековни активности

**Генерални заклучоци за сите одделенија**

-Да се почитува работното време од вработените и раководителите

**11.01.2022 година, Крива Паланка**
**Изготвил: Биљана Тасевска**